КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-7111
16.03.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 37 став 1 алинеја 21 од Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија, Извршниот одбор, постапувајќи по доставениот материјал, по спроведено електронско гласање, на ден 16.03.2023 година, едногласно, ја донесе следната

ОДЛУКА

за поништување на Одлуката за избор на Генерален секретар на Карате федерацијата на РС Македонија

1. Се поништува Одлуката за избор на Генерален секретар на Карате федерацијата на РС Македонија, донесена на седницата одржана на 07.12.2022 година, со која Зоран Ѓорѓески, дипломиран правник, се избра за Генерален секретар на КФРСМ.

2. Одлуката влегува во сила по потпишувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Извршниот одбор постапувајќи по доставениот материјал, врз основа на член 37 став 1 алинеја 21 од Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија, по спроведено електронско гласање, поаѓајќи од одредбите од член 14 од Законот за спорт, според кои позицијата на генерален секретар на Федерацијата е поврзана со работен однос кој се заснова со објавување на јавен оглас, а не функцијата да се врши без надомест и со незасновање работен однос, донесе одлука како во диспозитивот на одлуката.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КФРСМ

Петар Белистојаноски